...ЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
...ЕДОНИSË SË VERIUT
...индустриски развојни зони
...imore teknologjike industriale
04-894/8
06.12 2023 год./viti
...ЈЕ - SHKUP

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**ДИРЕКЦИЈА ЗА ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ**

ТИРЗ
РАСТЕМЕ ЗАЕДНО

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА НА ДИРЕКЦИЈАТА ЗА ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ

**Скопје, 06.12.2023 година**

Врз основа на член 17 став 7 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ број 27/14, 199/14, 27/16,35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 143/19 и 14/20), член 15 од Законот за технолошки индустриски развојни зони („Службен весник на Република Македонија" бр. 14/07, 103/08, 130/08, 139/09, 156/10, 127/12, 41/14, 160/14, 72/15, 129/15, 173/15, 192/15, 217/15, 30/16, 83/18 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.13/23), Директорот на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, на ден 06.12.2023 година, донесе

**ПРАВИЛНИК**

**за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Дирекција за технолошки индустриски развојни зони**

Член 1

Со овој Правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони бр.01-175/2 од 17.01.2023 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони бр.01-894/1 од 29.05.2023 година и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони бр.01-894/5 од 02.11.2023 година, и тоа:

Член 2

Во дел IV. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ДИРЕКЦИЈА ЗА ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ, во член 14 во табеларниот приказ на работни места во Сектор под точка 3. Сектор за управување со ресурси кај работното место под реден број 25. со шифра УПР 01 01 Б02 000, Раководител на сектор за управување со ресурси, во делот Вид на образование, по зборовите “ Општествени науки - Економија и бизнис“ се додаваат зборовите “ или други општествени науки ( организациони науки и управување - менаџмент )“.

Член 3

Во табеларниот приказ на работни места во Сектор под точка 4.Сектор за анализа, преговори и следење на договори за државна помош, во Одделение под точка 4.1.Одделение за анализа на државна помош кај работното место под реден број 51. со шифра УПР 01 01 В04 000, Помлад соработник за административна поддршка на одделението, во делот Вид на образование Општествени науки - Право или економија и бизнис, зборовите “Право или економија и бизнис” се бришат.

Член 4

Во табеларниот приказ на работни места во Сектор под точка 7. Сектор за управување, стопанисување и одржување на зони и односи со корисници, Одделение под точка 7.2. Одделение за евиденција и контрола во зони кај работното место под реден број 106. со шифра ТИР0405Б06002, Администратор - помошник за евиденција на стоки, лица и транспортни средства во ТИРЗ, во делот Вид на образование, зборовите “Општествени науки ” се менуваат и гласат “Високо образование”.

Член 5

Во табеларниот приказ на работни места во Сектор под точка 7. Сектор за управување, стопанисување и одржување на зони и односи со корисници, во Одделение под точка 7.2. Одделение за евиденција и контрола во зони кај работното место под реден број 107. со шифра ТИР0405Б06003, Администратор – помошник за следење и евидентирање на проток на домашна и странска стока во ТИРЗ, во делот Вид на образование, зборовите "Општествени науки " се менуваат и гласат "Високо образование".

Член 6

Во табеларниот приказ на работни места во Сектор под точка 8.Сектор за одобренија за градење и употреба во зоните, Одделение под точка 8.2.Одделение за издавање на одобренија за употреба, во работното место под реден број 130. Инженер соработник за следење на издадени одобренија за употреба, со шифра ТИР0405А05002, во Делот Други посебни услови, зборовите:

"- Овластување А или Овластување Б за проектирање, Или Овластување А или Овластување Б за ревизија на проектна документација

- Работно искуство од најмалку 6 месеци во постапки за издавање на одобрение за градби од прва или втора категорија" се бришат.

Член 7

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

Директор
Јован Деспотовски

------------------------------